ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги МОНТЕНЕГРО РИВИЈЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес - во стечај, по предлог на стечајниот управник Весела Петрулева примен во судот на 28.05.2024 година, на ден 30.05.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува исплата на износ од 72.000,00 денари од сметката на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги МОНТЕНЕГРО РИВИЈЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес - во стечај, по основ на судска такса по предмет на Основен суд Велес П 4 32/23.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.5/2023 од 23.03.2023 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги МОНТЕНЕГРО РИВИЈЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес - во стечај. Во текот на постапката закажано е рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) и рочиште на Собрание на доверители (извештајно собрание) на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката.

Во текот на постапката стечајниот управник до судот достави поднесок со предлог да судот донесе решение со кое ќе одобри исплата на износ од 72.000,00 денари од сметката на стечајниот должник, а кој се однесува на судска такса за тужба во износ од 48.000,00 денари и за одлука во избос од 24.000,00 денари по предмет на Основен суд Велес П 4 32/23. Во прилог достави пресуда П 4 32/23 од 01.02.2024 година на Основен суд Велес и записник од одржана трета седница на Одбор на доверители на стечајниот должник.

Имајќи ги во предвид доставените прилози кон предлогот на стечајниот управик, од кои се утврди неговата оправданост, следуваше судот согласно чл. 19 ст. 1 т. 8 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.5/2023 од 30.05.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавување на решението на огласна табла на судот, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН. Стечаен управник Весела Петрулева од Велес
Доверители преку огласна табла